Врз основа на член 19, став 2, точка 7 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15), член17 став 1, алинеја 8, член18 став 5 и член 37 од Закон за гробишта и погребални услуги (сл. весник на РМ бр.86/08, 156/10, 53/11 и 153/13), член 18, став 1, алинеа 7 од Статутот на ЈКП Никола Карев Пробиштип, и согласно Одлука бр.07-281/4 од 2011 г. за назначување управител на гробишта во општина Пробиштип, Управниот одбор на ЈКП„Никола Карев"-Пробиштип на седницата одржана на ден 11.04.2018 ја донесе следната:

Јавно комунално претпријатие „Никола Карев"
бр. 02-311/1
11.04.2018 год.
Пробиштип

# ОДЛУКА
## за утврдување на висината и наплата на надоместокот за пристап и користење на придружен објект на гробиштата - капела

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината и наплата на надоместокот за пристап и користење на придружен објект на гробиштата : капела – мртовечница со ладилник на Градските гробишта во Пробиштип.

Утврдените надоместоци исклучиво ќе ги користи управителот на гробиштата ЈКП Никола Карев Пробиштип.

Член 2

Се утврдува висината и наплатата на надоместокот за пристап и користење на придружните објекти – капела (мртовечница со ладилник) за носителот на гробното место и истата изнесува:

1. Користење на ладилник (чување на покоен во ладилник) за време од 0 до 24 часа – **1000** денари;
2. Користење на просторија за припрема на покоен и дезинфекција – **600** денари / погреб;
3. Користење на одар – изложување на покоен во мртовечница за верски обреди – **600** денари / погреб.

Член 3

Се утврдува висината и наплатата на надоместокот за пристап и користење на придружните објекти – капела за оператор на погребални услуги и истата изнесува:

1. Користење на лафет – количка за погреб – **200** денари / погреб.

Висината и наплатата на надоместоците за пристап и користење на останатата комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти за оператор на погребални услуги и каменорезач се утврдени со одлука на УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип, на која е дадена согласност од Советот на општина Пробиштип.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по објавувањето на согласноста од Советот на општината во Службен гласник на општина Пробиштип.

Член 5

Да се достави одлуката до Советот на општината за давање на согласност на истата.

Управен одбор
ЈКП Никола Карев Пробиштип
Претседател
Дане Митровски